Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје, Република Северна Македонија
Македонско медицинско електронско списание. 2026 Ное 27; 6(МИТ-НПИ2026):13-14.
https://doi.org/10.3889/mmej.2026.6895
eISSN: 1857-9809
**Категорија:** *МИТ-НПИ2026 - „НАВИГИРАНА ПТЕРИГОИДНА ИМПЛАНТАЦИЈА“*
**Секција:** *Стоматологија*



OPEN ACCESS

# Птеригоидни дентални импланти и избор на анестезија

Силвана Кралева[1,2*]

*[1]Факултет за дентална медицина, МИТ Универзитет – Скопје, Скопје, Република Северна Македонија; [2]ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември“, Оддел за Анестезија, реанимација и интензивно лекување, Скопје, Република Северна Македонија*

**Уредено:** Славица Христоманова-Митковска
**Цитирање:** Кралева С: Птеригоидни дентални импланти и избор на анестезија. Макед Мед Електр С. 2026 Ное 27; 6(МИТ-НПИ2026):13-14. https://doi.org/10.3889/mmej.2026.6895
**Клучни зборови:** птеригоидни импланти; дентална имплантологија; локална анестезија; интравенска седација; општа анестезија; динамичка навигација
***Кореспонденција:** Силвана Кралева, ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември“, Оддел за Анестезија, реанимација и интензивно лекување, Скопје, Република Северна Македонија.
E-mail: silvana.kraleva@mit.edu.mk
**Примено**: 11-Авг-2026
**Ревидирано:** 01-Сеп-2026
**Прифатено:** 20-Сеп -2026
**Печатарски права:** © 2026 Силвана Кралева.
**Лиценца:** Овој труд е со отворен пристап дистрибуиран под условите на Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY-NC 4.0)
**Финансирање:** Ова истражување нема финансиска поддршка
**Конкурентски интереси:** Авторите изјавуваат дека немаат конкурентски интереси

**Извадок**

**ВОВЕД:** Поставувањето птеригоидни дентални импланти претставува современа терапевтска опција кај пациенти со изразена коскена атрофија или неповолни анатомски услови во задниот дел на горната вилица, кај кои конвенционалните имплантолошки постапки може да бидат ограничени. Техниката овозможува искористување на достапната коскена поддршка во птеригоидниот регион, со што може да се избегнат опсежни процедури за аугментација на коската. Примената на динамички навигациски системи овозможува попрецизно планирање и насочување на хируршката интервенција.

**ЦЕЛ:** Целта на предавањето е да се прикажат можностите за анестезиолошко обезбедување при поставување птеригоидни импланти и да се разгледа изборот на најсоодветниот тип анестезија во зависност од сложеноста на интервенцијата, клиничката состојба и индивидуалните потреби на пациентот.

**СОДРЖИНА НА ПРЕДАВАЊЕТО:** Ќе бидат разгледани три основни пристапи кон анестезиолошкото обезбедување. Локалната анестезија најчесто е доволна за стандардни имплантолошки интервенции и овозможува пациентот да биде свесен и да соработува со хирургот. Комбинацијата на локална анестезија со интравенска седација претставува соодветна опција кај посложени интервенции и пациенти со изразена анксиозност, овозможувајќи намалување на стресот и подобрување на комфорот, при внимателно следење на виталните параметри. Општата анестезија се применува поретко, главно при обемни реконструктивни хируршки зафати, сложени анатомски состојби или специфични индикации. Посебно внимание ќе биде посветено на улогата на динамичката навигација и нејзиното значење за хируршката прецизност и предвидливоста на интервенцијата.

**ЗАКЛУЧОК:** Изборот на анестезија при поставување птеригоидни импланти треба да биде индивидуализиран и да се заснова на обемот и сложеноста на хируршката интервенција, здравствената состојба и потребите на пациентот. Локалната анестезија е соодветна за голем број стандардни случаи, додека нејзината комбинација со интравенска седација може да обезбеди поголем комфор кај одредени пациенти и посложени интервенции. Општата анестезија останува опција за случаи со поширок хируршки индикации.

# Pterygoid Dental Implants and the Choice of Anesthesia

Silvana Kraleva[1,2*]

*[1]Faculty of Dental Medicine, MIT University – Skopje, Skopje, Republic of North Macedonia; [2]General City Hospital "8 September", Department of Anesthesiology, Reanimatology and Intensive Care, Skopje, Republic of North Macedonia*

**Edited by:** Slavica Hristomanova-Mitkovska
**Citation:** Kraleva S. Pterygoid Dental Implants and the Choice of Anesthesia. Maced Med Electr J. 2026 Nov 27; 6(MIT-NPI2026):7-8. https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6895
**Keywords:** pterygoid implants; dental implantology; local anesthesia; intravenous sedation; general anesthesia; dynamic navigation
***Correspondence:** Silvana Kraleva, General City Hospital "8 September", Department of Anesthesiology, reanimatology and intensive care, Skopje, Republic of North Macedonia.
E-mail: silvana.kraleva@mit.edu.mk
**Received:** 11-Aug-2026
**Revised:** 01-Sep-2026
**Accepted:** 20-Sep-2026
**Copyright:** © 2026 Silvana Kraleva.
**License:** This is an open-access article distributed under the terms of the Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY-NC 4.0)
**Funding:** This research did not receive any financial support
**Competing Interests:** The authors have declared that no competing interests exist

**Abstract**

**INTRODUCTION:** Pterygoid dental implant placement represents a contemporary treatment option for patients with severe bone atrophy or unfavorable anatomical conditions in the posterior maxilla, where conventional implant procedures may be limited. This technique utilizes the available bone support in the pterygoid region, potentially avoiding extensive bone augmentation procedures. The use of dynamic navigation systems enables more precise planning and guidance of the surgical procedure.

**AIM:** The aim of this lecture is to present anesthetic management options for pterygoid implant placement and discuss the selection of the most appropriate type of anesthesia according to the complexity of the procedure, the patient's clinical condition, and individual needs.

**LECTURE CONTENT:** Three main approaches to anesthetic management will be discussed. Local anesthesia is sufficient for most standard implant procedures and allows the patient to remain conscious and cooperate with the surgeon. The combination of local anesthesia and intravenous sedation represents an appropriate option for more complex procedures and patients with significant anxiety, helping to reduce stress and improve patient comfort while ensuring careful monitoring of vital signs. General anesthesia is used less frequently and is mainly indicated for extensive reconstructive surgical procedures, complex anatomical conditions, or specific clinical indications. Particular attention will be given to the role of dynamic navigation and its contribution to surgical precision and procedural predictability.

**CONCLUSION:** The choice of anesthesia for pterygoid implant placement should be individualized and based on the extent and complexity of the surgical procedure, the patient's health status, and individual needs. Local anesthesia is appropriate for many standard cases, while its combination with intravenous sedation may provide greater comfort for selected patients and more complex procedures. General anesthesia remains an option for cases involving broader surgical indications.